Врз основа на чл.23 од Законот за јавните претпријатија ( ,, Службен весник наРепублика Македонија,,бр.38/96,6/02,40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15 , 39/16,64/18,35/19 и 275/19) и Одлуката на Управниот одбор за распишување на јавен конкурс бр.02-80/3 од 17.01.2022 година,ЈП ,, Стрежево ,, - Битола,објавува

**ЈАВЕН КОНКУРС**

**За избор на Директор на ЈП ,, Стрежево ,, - Битола**

**Директорот се избира со мандат од 4 години.**

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат општите услови согласно законот како и посебните услови предвидени во актите на ЈП ,, Стрежво ,, - Битола и тоа;

1.Да е државјанин на Република Макединија,

2.Да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,

3.во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија,дејност или должност,

4.да има минимум пет години работно искуство,

5.да поседува еден од следните меѓународно признати цертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од 5 години и тоа;ТОФЕЛ ИБТ ( TOEFL iBT) - најмалку 74 бода,ИЕЛТС ( IELTS) - најмалку 6 бода,ИЛЕЦ (ILEC) Cambridge Englis;Legal) - најмалку Б2(B2) ниво,ФЦЕ (FCE; Cambridge Englis First)- положен или БУЛАТС ( BULATS ) - со најмалку 60 бода

6.да има положено психолошки тест и тест за интегритет

7.да поседува менаџерски способности

Рок за пријавување на кандидатите е 5 ( пет ) работни дена сметано од денот на објавување на јавниот оглас во дневните весници.

Кандидатите покрај пријавата треба да достават;

-Кратка биографија - SV

Докази за исполнување на наведените услови и тоа;

- Уверение за државјанство
- Диплома или уверение за завршена стручна подготовка
- Потврда од надлежен орган дека не му е изречена мерка забрана за вршење професија,дејност или должност
- Потврда за работно искуство
- Потврда за исполнување на условите за познавање на англиски јазик
- Доказ за положен психолошки тест и тест за интегритет
- план и програма за работа на јавното претпријатие во наредните 4(четири ) години

Доказите се доставуваат во оргинал или заверени на нотар.

Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.

Пријавата со документацијата се доставува во запечатен плик на адреса ЈП ,, Стрежево ,, -Битола ул.,,Булевар 1ви Мај ,, бр.77 - Битола со назнака,,**конкурс за директор до управен одбор**,,,преку пошта или во архивата на ЈП ,, Стрежево ,, - Битола,секој работен ден од 7,30 - 15,30 часот.

**ЈП ,, СТРЕЖЕВО ,, - Битола**